Број: 0302-169
23.05.2022 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за јавни набавки
Сектор /одделение за финансии
Сметководство / правни работи / ревизија

**Предмет:** Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, врз основа на сопствените анализи, како и потребата и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, со задоволство Ве известува дека на ден **02.06.2022 година (четврток), со почеток во 9.30 часот, во хотел „Романтик" – Велес**, ќе се одржи работилница на тема:

**„ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО 2022 ГОДИНА – НАЈЧЕСТИ ПРАШАЊА И ДИЛЕМИ"**

На работилницата ќе се разработуваат теми од областа на јавните набавки во контекст на спецификите на деловното работење во 2022 година предизвикани од светската криза и нестабилните пазари, порастот на цената на електричната енергија; анекс на договорите и промените на цените; дилемите и постапките при подготовката и спроведувањето на јавните набавки.

Наведените теми се предизвик за изнаоѓање решенија за правилно и законско функционирање во областа на јавните набавки. Нашата цел е со организирањето на работилницата учесниците да добијат правилни насоки за постапување при набавката на електричната енергија, како и други производи чија цена постојано флуктуира. Нестабилните пазари може да имаат негативни импликации на редовното и нормално снабдување, на нарушување на извршувањето на секојдневните активности, како и на реализација на голем број проекти и активности.

Работилницата претставува континуитет на долгогодишната традиција на Здружението за одржување квалитетни обуки од областа на јавните набавки. Обезбедениот квалитетен експерт – практичар, м-р Александар Аргировски, со своето долгогодишно искуство во областа на јавните набавки, подготвените материјали и области кои се предмет на елаборирање на работилницата, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство.

Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на единиците на локалната самоуправа, буџетски корисници, единки корисници, јавните здравствени установи, јавните установи, јавни претпријатија / јавно комунални претпријатија, акционерски друштва и други заинтересирани страни. На работилницата се добредојдени сите кои директно или индиректно се инволвирани во јавните набавки.

Надоместокот за учество на работилницата, работните материјали, кафе пауза и сендвич по учесник изнесува само **4.900 денари со ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Во функција на подготовка за работилницата, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети **Пријави** за учество на работилницата на e-mail: zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или наведените e-mail адреси.

Во очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата, Ви посакуваме добро здравје.

Со почит,

Извршен директор,
м-р Зоран Јанкуловски